# Апокалипса - Откровение

Писател
*Марвин Максвел*

Наслов на оригиналот
GOD CARES
*The Message of Revelation For You and Your Family*

Издава
*Адвентистичка издавачка куќа „Знаци на времето“*
*Поштенски фах 215, Скопје*

Превел
*проф. Никола Тасевски*

Дизајн на корицата и ликовно уредување
*Лазар Томовски*

За издавачот
*Ѓорѓи Трајковски*

Пачати
*Печатница „Гоце Делчев“ - Скопје*

*Марвин Максвел*

# АПОКАЛИПСА - ОТКРОВЕНИЕ

# Содржина


Предговор: Бог е заинтересиран за нас ..... 11

*Прв дел: Беседата на Маслинската гора* ..... 15

**Матеј 24. и 25**. глава, увод: Исус ја преткажува иднината ..... 15

Порака од текстот на Евангелието според Матеј 24. и 25. глава ..... 27

I. Христос предупредува на „знаците“ ..... 27

II. Светогрдие кое предизвикува пустење ..... 34

III. Светогрдието и христијанската црква ..... 40

IV. Преткажаните неволји - и вие ..... 46

V. Параболи (споредби) за подготовка ..... 51

Одговори на прашања ..... 61

*Втор дел: Откровение* ..... 67

Кој бил Јован? ..... 67

Структура на книгата Откровение ..... 75

Одговори на прашања ..... 87

**Откровение 1. глава.** Увод: Откровение на Исуса Христа ..... 91

Откровение 1. глава ..... 97

Порака од Откровението 1. глава ..... 99

I. Тој ги има „клучевите од смртта“ ..... 99

II. Исус и неговото сведоштво ..... 105

III. Обземен од Духот во Господов ден ... 112
Одговори на прашања ... 117

**Откровение 2. и 3. глава.** Увод: Христос им пишува на ангелите на седумте цркви ... 119
Откровение 2. и 3. глава ... 129
Порака од Откровението 2. и 3. глава ... 133
I. Христос се грижи за таинствените цркви ... 133
II. Храброст за лично напредување во верата ... 158
III. Седумте цркви како пророштво ... 166
IV. Две отворени врати ... 186
Одговори на прашања ... 195

**Откровение 4. и 5. глава.** Увод: Бог го открива својот престол ... 201
Откровение 4. и 5. глава ... 206
Порака од Откровението 4. и 5. глава ... 209
I. Некој управува ... 209
II. Бог кој доаѓа ... 217
III. Светилиштето е возвишено место ... 223
Одговори на прашања ... 231

**Откровение 6,1 до 8,1.** Увод: Христос го штити својот прогонуван народ ... 239
Откровение 6,1 до 8,1 ... 243
Порака од Откровението 6,1 до 8,1 ... 246
I. Еден од јавачите имал бел коњ ... 246
II. Дали Бог навистина е заинтересиран за нас? ... 256
III. Знаците на последното време ... 266
IV. Зошто само Јагнето можело да ги отвори печатите? ... 280
Одговори на прашања ... 290

**Откровение 8,2 до 9,21.** Увод: Трубите предупредуваат на суд ... 303
Откровение 8,2 до 9,21 ... 309



Порака од Откровението 8,2 до 9,21 ... 312
I. Љубовта понекогаш мора да вика - и да казнува ... 312
II. Буквален или симболичен? ... 320
III. Првите четири труби ... 324
IV. Исламот во библиското пророштво ... 333
Одговори на прашања ... 358

**Откровение 10,1 до 11,18.** Увод: Ангел го најавува последното време ... 365
Откровение 10,1 до 11,18 ... 370
Порака од Откровението 10,1 до 11,18 ... 373
I. Последното време почнало ... 373
II. Реформацијата отфрлена, жетва - револуција! 382
III. Непобедлив живот ... 398
Одговори на прашања ... 407

**Откровение 11,19 до 14,20.** Увод: Вистинската мајка и нејзините деца ... 416
Откровение 11,19 до 14,20 ... 422
Порака од Откровението 11,19 до 14,20 ... 428
I. Првото семејство поставува кулиси ... 428
II. Големиот судир меѓу Христа и сатаната ... 433
III. Зошто Бог не го уништил сатаната? ... 451
IV. Соединетите Американски Држави во пророштвото ... 464
V. Веста на првиот ангел: Часот на судот ... 475
VI. Будење во Северна Америка ... 486
VII. Веста на вториот ангел: Пад на Вавилон ... 497
VIII. Веста на третиот ангел: Почитувачи на Божјите заповеди ... 502
IX. Жиг на ѕверот и Божји печат ... 514
X. Завршната криза и твоето семејство ... 527
XI. Колку Тој вреди? ... 538
Одговори на прашања ... 546

**Откровение 15. и 16. глава.** Увод: Седум последни зла ........ 569
Откровение 15. и 16. глава ........ 576
Порака од Откровението 15. и 16. глава ........ 579
I. Седум последни зла ........ 579
II. Армагедонска битка ........ 587
III. Храм исполнет со дим ........ 605

**Откровение 17,1 до 19,10.** Увод: Падот на Вавилон ........ 613
Откровение 17,1 до 19,10 ........ 616
Порака од Откровението 17,1 до 19,10 ........ 621
I. Блудницата и нејзините ќерки ........ 621
II. Излезете од Вавилон - и пејте! ........ 627
Одговори на прашања ........ 640

**Откровение 19,11 до 21,8.** Увод: Милениум ........ 653
Откровение 19,11 до 21,8 ........ 658
Порака од Откровението 19,11 до 21,8 ........ 663
I. Второто доаѓање на Исуса Христа ........ 663
II. Големата Божја вечера (гозба) ........ 669
III. Судењето и првото воскресение ........ 676
IV. Второто воскресение и огненото езеро ........ 681
V. Нова земја и вечна радост ........ 689
Одговори на прашања ........ 700

**Откровение 21,9 до 22,21.** Увод: Невестата на Јагнето 711
Откровение 21,9 до 22,21 ........ 719
Порака од Откровението 21,9 до 22,21 ........ 723
I. Невестата, жената на Јагнето ........ 723
II. Дојди! Дојди! Дојди! ........ 730



## ГЕОГРАФСКИ КАРТИ

Мала Азија во првиот век по Христа со приказ на седумте цркви
Подрачје на пустински скакулци и споредба со ширењето на исламот до 750-тата година по Христа
Локација на Јосафатовата долина и низината Мегидо

## СКИЦИ

Три значајни неволји преткажани во Библијата
Пролог, епилог
Седум цркви, Нов Ерусалим, седум печати, милениум
Седум труби, седум последни зла
Голем судир, пад на Вавилон
Симетрична структура на книгата Откровение
Токот на настаните во двете половини на книгата Откровение
Споредување на седумте цркви
Седум печати: Христос го штити својот народ сред неволјите
Пет уводни сцени во Светилиштето
Локација на уводните сцени во Светилиштето
Паралела меѓу беседата на Маслинската гора и седумте печати
Дванаесет Израелови племиња
Седум труби: Светот го предупредуваат остри казни
Суштина на терминологијата за трубите
Поуки што можат да се научат од седумте труби
Голем судир: неволјите на вистинската мајка и на нејзините деца
Седум текстови кои зборуваат за период од 1260 денови
Малечок рог спореден со ѕвер сличен на леопард
Разговор за саботата - библиска скица
Во последните денови - две групи - Десетте заповеди
Седум последни зла: светот го погаѓаат мошне остри казни
Втора половина на Откровението
Египетските зла споредени со седумте последни зла
Четири ѕверови од Откровение 12., 13. и 17. глава
Седум глави и десет рогови
Скапоцените камења од темелите на новиот Ерусалим и од градникот (врзградникот) на првосвештеникот



*Апостол Јован: Видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа (Откровение 21,1).*

## Предговор

# БОГ Е ЗАИНТЕРЕСИРАН ЗА НАС

„Духот и невестата велат: Дојди!“

„И кој слуша нека рече: Дојди!“

„И кој е жеден... нека земе дарум од водата на животот!“

Можеме ли да замислиме повеликодушен повик? Овие срдечни зборови во завршниот дел од Откровението уште еднаш ни ја откриваат Божјата длабока желба да ни прави добро и со нас да воспостави блиски, пријателски односи.

Старозаветната книга на пророкот Даниел на многу начини ја прикажува таа Божја заинтересираност. Бог на време му дал на Даниел видение за кипот за да го спаси неговиот живот и животите на мудреците, да му ги открие на Навуходоносора, а и нам, важните настани и процеси што ќе се одигруваат во иднина. Тој ги сочувал пријателите на Даниел во огнена печка. Пратил свој ангел да помине ноќ со Даниел во јама со лавови. Ветил дека ќе им стави крај на сите незаслужени маки, ќе прогласи конечен суд и сета земја ќе му ја предаде во владение на својот верен народ. Ветил дека во последниот ден ќе ги воскресне своите верни следбеници за вечен живот.

Откровението ја продолжува темата за Божјата грижа за нас, за неговата заштита над својот народ. Ќе има неволји и страдања, можеби и потешки од оние низ кои поминал Даниел, но во Откровението се среќаваме со силни докази дека Бог настојува да ги задоволи нашите потреби и да ги исполни плановите што се однесуваат на нашата иднина. Исус со љубов поминува меѓу светилниците, што ја претставуваат неговата несовршена црква. Тој ветува дека ќе нѐ нахрани со „скриена мана“ - небесна храна. Ветува дека ќе се погрижи за нас во текот на големите неволји при крајот на светската историја. Тој презел сѐ за да нѐ запечати, да нѐ

постави на престоли и да ни даде од водата на животот. „И Духот и невестата велат: Дојди!“"

Откровението е отворена книга. Во Библијата таа книга не е затворена. Поинаку е со книгата на пророк Даниел, која е опишана како затворена книга (види Даниел 12,4). Сепак, тоа не значи дека сите делови на Откровението веднаш се разбирливи. Ни другите библиски книги не се затворени, без оглед на тоа што треба да се вложи напор при толкувањето на некои текстови. Дури и во очигледно едноставните библиски текстови, секојпат кога се навраќаме на нив, под површината откриваме нови скриени богатства.

Еден од клучевите за разбирање на Откровението е книгата на пророк Даниел. Двете книги паралелно го насочуваат погледот кон библиската панорама што се простира од времето на пророкот, па сè до крајот на светот. Обете споменуваат животни како симболи, пророчки период од 1260 денови-години, неколку жални пророштва за отпад и прогонства и многу радосни пророштва за победи и среќа. Обете книги се занимаваат со судот, со Светилиштето и со верноста кон Божјиот закон. Обете го најавуваат завршното појавување на Синот човечки на облаци. Обете нè храбрат да останеме простум пред нездравиот притисок на нашите современици и да развиеме беспрекорен карактер. Обете го откриваат Бога како мошне активен помошник за време на неволјите.

Поради многубројните врски што постојат меѓу овие две книги, ние често ќе бидеме задоволни што можеби веќе сме ја проучувале книгата на пророк Даниел.

Многу коментатори сфатиле дека и Исус ни нуди апокалипса, откровение, смалено или концизно откровение или своја книга, слична на книгата на пророк Даниел. Таа се наоѓа во неговата беседа на Маслинската гора што ја одржал пред четворица свои ученици во четвртокот, ноќта пред својата смрт на крст.

Во беседата на Маслинската гора Исус посебно го споменува Даниела и наведува еден од неговите најчувствителни симболи „мерзоста (одвратноста) на запустувањето“. Исус пред нас изнесува пророчка панорама која се простира од неговото време, па сè до крајот на светот. Исус, како и книгата на пророк Даниел и Откровението, зборуваат за отпад и за прогонства, по кои ќе се појави Синот човечки во слава, на небесни облаци. Тој ги повикува своите следбеници да му се противставаат на нездравиот притисок на своите современици и да изградат цврст карактер.

Беседата на Маслинската гора носи обилни благослови кога се проучува изделено. Таа е додатно полезна кога се разгледува како увод во Откровението и како мост меѓу книгата на пророк Даниел и Откровението.

„Она што е тајно (скриено) му припаѓа на нашиот Господ Бог, а објавеното е наше и на нашите синови довека“ (5. Мојсеева 29,29).

Интересните симболи и ликови, кои толку често се појавуваат во Откровението, се мошне привлечни за децата; тие кај нив будат љубопитство и на родителите им даваат можност да ги објаснуваат.

Некои делови од беседата на Маслинската гора и Откровението посебно се прилагодени за младите. Прочуената споредба (парабола) за десетте заспани девојки се занимава со младите кои се наоѓаат на прагот на животот. Исус се занимава со младите во нивниот младешки период за да објасни една од своите најважни пораки за подготовка за неговото второ доаѓање.

Можеби тоа ќе стане уште појасно ако укажеме на фактот дека во Откровението на дваесет и девет места се зборува за Исуса како Божје Јагне. Јагнето во библиските времиња потсетувало на првата пасхална ноќ кога Израелците на драматичен начин се ослободиле од египетското ропство. Таа незаборавна пасхална ноќ претставувала посебна закана за секое најстаро дете во семејството. Тоа можело да биде убиено заедно со египетските првенци во последното зло што ја снашло таа земја. Всушност, најстарите синови на сите египетски семејства навистина и загинале таа ноќ. Меѓутоа, секое израелско семејство жртвувало јагне, и таткото на секое семејство со крв ги прскал довратниците и надвратникот на својот дом (в. 2. Мојсеева 12,7).

Прскањето со крв ја покажувало верата на семејството во Бога и доаѓањето на Месија, Откупителот. Тоа и денес нè потсетува - Исус умрел да ги спаси децата. Тој умрел да го сочува единството на семејството.

Освен тоа, Исус живее за децата и за семејството. Во текот на неколку мачни години, пред дваесет векови, Тој одел меѓу нас луѓето, трудејќи се на многу различни начини да нè увери дека Бог е заинтересиран за нас. Од тоа време, па до денес, Тој седи од десната страна на Божеството на небесата, посредувајќи за нас во небесното Светилиште (в. Евреите 7,25; Римјаните 8,34).

Кога ние и нашите семејства ќе научиме да веруваме во Бога сред нашите секојдневни животни тешкотии, кога заедно со него ќе поминеме низ завршните неволји при крајот на времето, кога со свои очи ќе го видиме второто Христово доаѓање на облаци, кога ќе бидеме земени на небото да живееме со него, кога ќе пиеме од водата на животот и кога, заедно со припадниците на нашето семејство, ќе го гледаме Божјето мило, љубезно лице, тогаш ќе сфатиме и ќе бидеме наполно сигурни дека Бог навистина е заинтересиран за нас!



# Прв дел: Беседата на Маслинската гора Исус ја преткажува иднината

## Матеј 24. и 25. глава

## Увод

Еднаш во нашиот дом дојде група девојчиња од школска возраст со желба да ги учат од мојата сопруга основните вештини за готвење. Кога го завршија курсот, тие сами замислија и приготвија оброк за своите родители. Како наближуваше времето за оброкот, зад вратата на мојата работна соба јас ги слушав нивните сè повозбудливи гласови.

Вратата на мојата работна соба се наоѓаше во непосредна близина до главната влезна врата на нашиот дом. Сакав малку да се пошегувам па, кога наближи времето да пристигнат родителите, силно затропав на неа за да помислат дека првите родители веќе пристигнаа. Девојчињата речиси се онесвестија од возбуда. Бргу почнаа да ги симнуваат престилките, да ја поправаат косата, да ги дотеруваат последните ситници на поставената маса, а потоа отрчаа до влезната врата и ширум ја отворија.

Не дозволив долго да бидат разочарани! Ја отворив вратата на мојата работна соба и, кога видоа како се смејам, со радост ми се придружија. Всушност, и по пристигнувањето на родителите, за време на ручекот, тие се смееја на својата заблуда.

Возбудата на нашите малечки готвачки потсетува на возбудата што се јавува во животот на сите искрени христијани додека мислат за второто Христово доаѓање. Колкава радост создава замислувањето на мигот кога Исус ќе се врати да им стави крај на неправдите, на болестите и на сиромаштијата, да донесе изобилство и бесконечен мир!

Секако, оваа радосна вест била тема за која и сам Исус со задоволство зборувал; зборувал за тоа во разни пригоди, а најпозната е онаа непосредно пред неговата смрт. Во вторникот вечер, во текот на пасхалната седмица која завршила во

петокот со неговото распнување, Исус зборувал за своето славно доаѓање. Тоа негово излагање е познато како беседа на Маслинската гора.* Анализата на тој текст на ова место ќе ни помогне подобро да го разбереме Откровението.

Мислата дека Христос повторно ќе дојде внесува толку радост во животот на секој христијанин, што Исус можел да биде наполно сигурен дека тие нестрпливо ќе го очекуваат неговото доаѓање. Но, во таква душевна состојба тие (како и нашите малечки готвачки) лесно би можеле да потпаднат под влијание на лажни знаци (како што беше тропањето на вратата на мојата работна соба) или да станат плен на лажни учители кои би можеле наполно да ја уништат нивната подготовка. Затоа Тој својот говор го почнал со предупредување да не дозволиме да бидеме измамени.

Бидејќи „долгото очекување е мачно за срцето“ (Мудри изреки 13,12), Исус јасно, но тактично, на учениците им обрнал внимание на фактот дека неговото доаѓање ќе биде одложувано. Тој нема веднаш да се врати! Раскажал сторија за двајца слуги, ставајќи ги во устата на еден од нив зборовите: „Мојот господар ќе се забави долго“ (Матеј 24,48). Во познатата споредба за талантите, за господарот е кажано дека се вратил „по долго време“ (Матеј 25,19). Во исто толку познатата споредба за десетте девојки, Исус себеси се споредил со младоженецот и отворено рекол: „Бидејќи младоженецот се забави, сите ги фати дремка и заспаа“ (Матеј 25,5).

Навестувања за одложување на неговото доаѓање се наоѓаат и во други текстови: „Ќе чуете за војни и гласови за војни... но тоа уште не е крајот“ (Матеј 24,6). „Мнозина ќе се соблазнат“ (Матеј 24,10). „А кој ќе издржи до крај, ќе биде спасен“ (Матеј 24,13). „И ова евангелие за царството

*Беседата на Маслинската гора главно е забележана во Евангелието според Матеј во 24. и 25. глава. Споредни извештаи се наоѓаат во Евангелието според Марко во 13. глава и во Евангелието според Лука во 21. глава. Во Евангелието според Лука наоѓаме и нешто што на прв поглед личи на делови од овој говор одржан во наполно поинакви околности. Споредете го текстот во Евангелието според Лука 17,22-37 со текстот во Евангелието според Матеј 24,23-28! Тоа споредување покажува дека Исус за своето второ доаѓање зборувал и во многу други пригоди и околности.





*Учениците се приближиле подобро да слушнат како Исус ќе одговори на нивното прашање: „Кој е знакот на твоето доаѓање и на крајот на векот?“*

ќе се проповеда по целиот свет за сведоштво на сите народи и тогаш ќе дојде крајот“ (Матеј 24,14).

Меѓутоа, додека веста за одложувањето е доволно јасна, упатствата за наша подготовка се уште појасни и се наоѓаат на уште неколку места во други Христови споредби.

*Околностите во кои е одржана беседата на Маслинската гора.* - Оваа беседа е одржана во вторникот вечер. Тој бил напорен ден. Исус со часови расправал со луѓето во тремовите на храмот. Непријателите во повеќе наврати го искушувале со лукави прашања. Иако се чинело дека некои го прифатиле она што го зборувал, Исус знаел дека мнозинството го сметаат за Цар-борец, а не за Кнез на мирот. Сите сакале Тој да ги совлада Римјаните. Меѓутоа, не сакале со љубовта да ги совлада и нивните срца. За настаните во тој ден можеме да читаме во Евангелието според Матеј во 22. и 23. глава.

Како денот изминувал, станувало сè поочигледно дека Христовите три и пол години несебична служба успеале да преобратат мошне малку негови слушатели. За неколку дена истите луѓе гласно ќе ја бараат неговата крв, како нивните татковци што барале смрт за пророците. И нивните потомци ниту малку не ќе бидат подобри. И тие ќе ги прогонуваат проповедниците на вистината кои ќе се обидуваат да им помогнат.

Таа предвечер Исус се уморил. Знаел дека еврејскиот народ, ако не се покае, ќе биде погоден со страшна казна.

На крај нивната тврдоглавост во толкава мера ќе ги разбесни Римјаните, што 70-тата година од н.е. тие ќе пратат царска војска да го збрише Ерусалим и неговиот храм. А сето тоа било непотребно.

„О Ерусалиме, Ерусалиме“, плачел Исус, „ти што ги убиваш пророците и што ги каменуваш пратените кај тебе! Колку пати сакав да ги соберам твоите деца, како квачката што ги собира своите пилиња под крилјата, но вие не сакавте!“ (Матеј 23,37).

„Не ми дозволивте!“ (NEB)

„Ми се спротививте!“ (NASB)

Потоа ја читаме реченицата полна со болка: „Еве, пуст ви останува вашиот дом!“ (Матеј 23,38).



Дури и Христовите ученици биле изненадени. Божјиот храм, гордоста на нацијата, Господовиот дом, да биде напуштен и разурнат! Длабоко обеспокоено, мноштвото се разотишло да го приготви вечерниот оброк. Вознемирени, учениците се обиделе Христовото внимание да го пренасочат кон исклучителната архитектонска вредност на прочуениот храм (Матеј 24,1). Во текот на речиси педесет години царот Ирод и неговите наследници го обновувале со огромни трошоци (Јован 2,20). Снежно белиот мермер на неговите ѕидови блескотел од зраците на сонцето при залез. Позлатените површини околу главниот влез со својот сјај ги заслепувале очите на посматрачите. Некои камени блокови во ѕидовите на храмот, совршено пресечени и измазнети, биле неверојатно големи.*

„Го гледате ли сево ова“ - прашал Исус, како да не ги чул учениците - „вистина ви велам: нема да остане тука ниту камен на камен што не ќе биде урнат“ (Матеј 24,2).

Учениците биле вчудовидени. Како би можел Бог да дозволи таква катастрофа? Дали тоа значи дека се приближил крајот на светот?

Таа ноќ Исус излегол на Маслинската гора. Со него биле Петар и неговиот брат Андреј, Јаков и неговиот брат Јован, четворица некогашни рибари кои го придружувале во текот на целокупната негова работа (Марко 13,3). Во текот на

---

*Добро познатиот еврејски историчар Јосиф Флавие, кој присуствувал при разурнувањето на Ерусалим, пишува дека „надворешноста на храмот немаше никаков недостиг што би можел да го засенчи окото или умот. Бидејќи од сите страни беше прекриен со масивни златни плочи, храмот при изгрејсонце толку блескотно ја одбиваше светлината, што за набљудувачите тоа беше исто како да гледаа директно во сонцето. На странците, кои се приближуваа кон градот, храмот уште од далеку им се укажуваше како планина покриена со снег, зашто сè што не беше покриено со злато, беше бело како снег. Од неговиот врв се издигнуваа златни шилци кои не им дозволуваа на птиците да се гнездат тука и да го валкаат покривот. Некои од камените блокови, вградени во оваа градба, се простираа во должина од четириесет и пет лакти, пет лакти во висина и шест во ширина“ (Јудејската војна, 5.222). Тогашниот лакот одговара на должина од приближно половина метар.

квечерината над нивните глави пловела месечината. Под нејзините таинствени зраци, речиси стотина метри подолу од местото на кое се наоѓале, од другата страна на Кедронската долина, се наѕирал градот Ерусалим. Светлината од светилниците проникнувала низ безбројните прозорци. Атмосферата била полна со некакво радосно исчекување, зашто се приближувал најголемиот еврејски празник Пасха. Луѓето што доаѓале од близу и од далеку се собирале со пријателите по домовите или логорувале надвор од градот под шатори. До нив допирале лаежи на кучиња и рикање на магариња, како и звуци од куќите чиишто жители се приготвувале за починка.

Се чинело дека храмот е толку близу, што може да се допре со рака. Месечината го истакнувала неговиот сјај и големина. Учениците размислувале за неговите измазнети, масивни камени блокови. Нив длабоко ги обеспокоило Христовото преткажување од пред само неколку часа дека еден ден во таа градба нема да остане ни камен на камен.

Но дали тој страшен ден на разурнување едновремено е и славниот ден на неговото враќање? Тоа не можеле да го сфатат!

„Кажи ни“, го прашале збунети, „кога ќе биде тоа и кој е знакот на твоето доаѓање и на крајот на векот?“ (Матеј 24,3).

Христовиот одговор можете да го читате во Евангелието според Матеј во 24. и 25. глава. Тие зборови се објавени на следните три страници, а насловите се додадени за текстот полесно да се разбере. Кога ќе го прочитаме она што го кажал Исус, ќе се потрудиме да го сфатиме и значењето на неговите зборови!



## ЕВАНГЕЛИЕТО СПОРЕД МАТЕЈ 24. глава

„Кога Исус излезе од храмот, неговите ученици му се приближија за да му ги покажат зградите на храмот. А Тој им одговори: Го гледате ли сево ова? Вистина ви велам: Нема да остане тука ниту камен на камен што не ќе биде урнат.‘

Кога седеше пак на Маслинската гора, неговите ученици дојдоа кај него насамо и му рекоа: Кажи ни кога ќе биде тоа и кој е знакот на твоето доаѓање и на крајот на векот?‘“

## ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ПРОРОШТВАТА

*Идни неволји што не се знаци.* - „А Исус одговори, велејќи им: Гледајте да не ве заведе некој, зашто мнозина ќе дојдат во мое име, говорејќи: Јас сум Христос‘, и ќе заведат мнозина. И ќе чуете за војни и гласови за војни. Внимавајте да не се уплашите, зашто тоа треба да се случи, но тоа уште не е крајот. Зашто ќе се дигне народ против народ и царство против царство, и ќе има глад, помор и земјотреси на многу места. Но сето тоа е само почеток на родилните маки.“

*Страдања и отпад во иднина.* - „Тогаш ќе ве предадат на маки и ќе ве убиваат, и сите народи ќе ве замразат заради моето име. Тогаш мнозина ќе се соблазнат, секој ќе предава секого и секој ќе ги мрази другите; и ќе се јават многу лажни пророци, кои ќе заведат мнозина. И заради многуте беззаконија, љубовта ќе олади кај мнозина. А кој ќе издржи до крај, ќе биде спасен.“

*Успех на евангелието.* - „И ова евангелие за царството ќе биде проповедано по целиот свет за сведоштво на сите народи, и тогаш ќе дојде крајот.“

## ОСНОВЕН ЗНАК ЗА ПАДОТ НА ЕРУСАЛИМ

„И така, кога ќе го видите гнасното опустошување за кое зборува пророк Даниел, како владее на светото место (кој чита - нека разбере!), [„Кога ќе видите дека Ерусалим е опколен од војски, знајте оти е близу неговото запустување“ (Лука 21,20)] - тогаш жителите на Јудеја нека бегаат

во горите; а оној што ќе биде на покрив, нека не слегува да земе нешто од својата куќа; и кој ќе биде в поле, нека не се враќа за да ја земе наметката! Но тешко им на бремените и на доилките во тие денови! Молете се вашето бегство да не биде во зима или во саботен ден."

## ПЕРИОД НА ГОЛЕМА НЕВОЛЈА

„Зашто тогаш ќе има големо страдање, какво што не било од создавањето на светот до сега, ниту пак ќе биде. И ако не се скратат тие дни, не ќе се спаси ниту еден. Но заради избраните, тие дни ќе бидат скратени." [„Ерусалим ќе го газат незнабошци додека не се исполнат времињата на незнабошците" (Лука 21,24)]. „Ако некој ви рече тогаш: Еве, Христос е тука' или таму е' - не верувајте, зашто ќе се појават лажни христоси и лажни пророци и ќе прават големи знаци и чуда за да ги заведат, ако е можно, и избраните. Ете, ви кажав однапред!

И така, ако ви речат: Ене го во пустината!' - не излегувајте! Ене го во една од внатрешните соби!' - не верувајте. Зашто, како молњата што излегува од исток и свети до запад, такво ќе биде и доаѓањето на Синот човечки. Зашто каде што има мрша, таму ќе се собираат мршојадците" (Матеј 24,23-28).

## НЕБЕСНИ ЗНАЦИ ЗА ВТОРОТО ДОАЃАЊЕ

„Веднаш по страдањата во тие денови сонцето ќе потемни, месечината нема повеќе да свети, од небото ќе паѓаат ѕвезди и небесните сили ќе се растресат."

## ДОАЃАЊЕТО НА СИНОТ ЧОВЕЧКИ

„И тогаш на небото ќе се јави знакот на Синот човечки. Тогаш ќе проплачат сите племиња на земјата и ќе го видат Синот човечки како доаѓа на небесните облаци со сила и голема слава. И Тој ќе ги прати своите ангели со силен глас на труба, а тие ќе ги соберат неговите избраници од четирите ветра, од едниот крај на небото до другиот."



## НАБРГУ, ПО ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ЗНАЦИТЕ, ЌЕ ДОЈДЕ СИНОТ ЧОВЕЧКИ

„А од смоквата научете ја поуката! Кога нејзината гранка ќе смекне и ќе потераат лисја, знаете дека летото е близу. Така и вие, кога ќе го видите сето тоа, знајте дека е близу - на прагот е! Вистина ви велам, ова поколение нема да мине додека не се збидне сето тоа. Небото и земјата ќе поминат, но моите зборови нема да поминат."

## ТОЧНОТО ВРЕМЕ НЕ Е ПОЗНАТО

„А за тој ден и час никој не знае, ни небесните ангели, ни Синот, туку само Отецот. Како што беше во Неовите денови, така ќе биде и при доаѓањето на Синот човечки. Зашто, како во деновите пред потопот што јадеа и пиеја, се женеа и мажеа до денот кога Ное влезе во ковчегот и не сфатија додека не дојде потопот и однесе сè - така ќе биде и при доаѓањето на Синот човечки. Тогаш двајца ќе бидат на поле - еден ќе биде однесен, а другиот оставен. Две жени ќе мелат на мелница - едната ќе биде однесена, а другата оставена."

## БДЕЕЊЕ И ПОДГОТОВКА

„Затоа, бдејте, зашто не знаете кога ќе дојде вашиот Господ. А знајте го ова: ако домаќинот би знаел за време на која ноќна стража ќе дојде крадецот, би бдеел и не би дозволил да му се провали во куќата. Затоа и вие бидете подготвени, зашто Синот човечки ќе дојде во час кога не се надевате."

## ЧЕТИРИ ПАРАБОЛИ (СПОРЕДБИ) ПОВИКУВААТ НА ПОДГОТОВКА

*Двајца надгледници.* - „И така, кој верен и мудар слуга господарот не го поставил над своите слуги за да им дава храна навреме? Блажен е тој слуга, кого неговиот господар, кога ќе дојде, ќе го најде да прави така. Вистина ви велам: ќе

го постави над сиот свој имот. Ако пак лошиот слуга си рече во своето срце: ‚Мојот господар ќе се забави долго‘, па почне да ги тепа своите сослужители, и да јаде и да пие со пијаниците, господарот на тој слуга ќе дојде во ден кога не очекува, и во час што не го знае, па ќе го расчеречи и ќе го стави меѓу лицемерите. Таму ќе има лелек и чкртање со заби.“

## ЕВАНГЕЛИЕТО СПОРЕД МАТЕЈ 25. глава

*Десетте девојки.* - „Тогаш небесното царство ќе биде како десетте девојки кои ги зедоа своите светилки и тргнаа да го пречекаат младоженецот. Пет од нив беа неразумни, а пет мудри. Зашто неразумните зедоа со себе светилки, но не зедоа масло; а мудрите зедоа масло во садови, заедно со своите светилки. Бидејќи малодоженецот се забави, сите ги фати дремка и заспаа.

А на полноќ се чу викање: ‚Еве го младоженецот, пречекајте го!‘ Тогаш сите девојки станаа и ги приготвија своите светилки. А неразумните им рекоа на мудрите: ‚Дајте ни од вашето масло, зашто нашите светилки гаснат.‘ Но мудрите им одговорија, велејќи им: ‚Да не биде малку и за нас и за вас, појдете кај трговците и купете си!‘

Кога отидоа да купат, младоженецот дојде и подготвените влегоа со него на свадбата, а вратата се затвори.

Потоа дојдоа и другите девојки и рекоа: ‚Господару, господару, отвори ни!‘ Но тој им одговори, велејќи им: ‚Вистина ви велам - не ве познавам!‘

А сега, бдејте зашто не го знаете ни денот ни часот кога ќе дојде Синот човечки!“

*Слугите и талантите.* - „Тоа е како човекот кој, тргнувајќи на пат, ги повика своите слуги и им го предаде својот имот, и на едниот му даде пет таланти, на другиот два, на третиот еден, секому според неговата способност, и отпатува. Оној што прими пет таланти, веднаш замина и тргуваше со нив, па спечали други пет. Исто така, и оној со два таланта, спечали други два. А оној што прими еден, отиде, ископа дупка во земјата и го скри среброто на својот господар.

По долго време дојде господарот на слугите и сакаше да си ја види сметката со нив. Така, кога пристапи оној што



прими пет таланти, донесе други пет таланти и рече: ‚Господару, ми даде пет таланти, а еве, јас спечалив и други пет.‘

Тогаш неговиот господар му рече: ‚Арно сторено, добар и верен слуго. Над малку беше верен, ќе те поставам над многу; влези во радоста на својот господар!‘

А кога пристапи оној што прими два таланта, рече: ‚Господару, ми даде два таланта, а еве, јас спечалив други два.‘ Тогаш неговиот господар му рече: ‚Арно сторено, добар и верен слуго. Над малку беше верен, ќе те поставам над многу; влези во радоста на својот господар!‘

А кога пристапи оној што прими еден талант, рече: ‚Господару, знаев дека си строг човек, жнееш каде што не си сеел и собираш каде што не си веел; се исплашив, па отидов и го скрив твојот талант вземи. Еве ти го твоето!‘

А неговиот господар одговори, велејќи му: ‚Зол и мрзлив слуго, знаеше дека жнеам каде што не сум сеел и дека собирам каде што не сум веел; затоа требаше да им го дадеш моето сребро на менувачите и јас, по враќањето, ќе го земев моето со добивка. Затоа, одземете му го талантот и дајте му го на оној што има десет таланти! Зашто секому кој има, ќе му се даде уште и ќе има во изобилство, а оној кој нема, ќе му се одземе и она што го има. А безвредниот слуга фрлете го во крајната темнина, каде што ќе има лелек и чкртање со заби.‘“

*Изделување на овците од јарците.* - „Кога Синот човечки ќе дојде во својата слава и сите ангели со него, тогаш ќе седне на престолот на славата; и ќе се соберат пред него сите народи, а тој ќе ги оддели едни од други, како пастирот што ги одделува овците од козите. И ќе ги постави овците од својата десна страна, а козите од левата.

Тогаш Царот ќе им рече на оние од десната страна: ‚Дојдете, благословени од мојот Отец, наследете го царството што ви е приготвено уште од создавањето на светот! Зашто огладнев и ми дадовте да јадам; ожеднев и ме напоивте; бев туѓинец и ме примивте; бев гол и ме облековте; бев болен и ме посетивме; бев во зандана и дојдовте кај мене.‘

Тогаш праведниците ќе му одговорат и ќе речат: ‚Господе, кога те видовме гладен и те нахранивме; или жеден и

те напоивме? Кога те видовме како туѓинец и те примивме? Или гол и те облековме? Кога те видовме болен или в зандана и дојдовме кај тебе?‘

А Царот ќе им одговори: Вистина ви велам, доколку му направивте така на еден од овие мои најмали браќа, мене ми направивте.‘

Тогаш ќе им рече и на оние од левата страна: Одете си од мене, проклети, во вечен оган, подготвен за ѓаволот и за неговите ангели! Зашто огладнев и не ми дадовте да јадам; ожеднев и не ми дадовте да пијам, бев туѓинец и не ме примивте; бев гол и не ме облековте; бев болен и в зандана и не ме посетивте.‘

Тогаш тие ќе одговорат, велејќи: Господе, кога те видовме гладен, или жеден или како туѓинец, или гол, или болен или в зандана - не те послуживме?‘

Тогаш Тој ќе им одговори: Вистина ви велам, доколку не сте му направиле така на еден од овие најмаливе, ни мене не сте ми направиле!‘ И овие ќе отидат во вечна казна, а праведниците во вечен живот.“



# Порака од текстот на Евангелието според Матеј 24. и 25. глава

## I. Христос предупредува на „знаците“

Колку многу зависиме од знаците! Особено од сообраќајните. Често нашите обиди да ги најдеме се напразни - обично нив ги нема токму на важните крстопати на некој, за нас непознат град. Затоа многу ги цениме препознатливите знаци на главните сообраќајници.

Си споменувам уште од детството за низа знаци кои предупредуваа на една остра кривина во Салисбери Плејн во Англија. Последниот во таа низа беше најголем и како да викаше: „ПРЕДУПРЕДЕНИ СТЕ!“

Набргу откако се роди нашиот син, добив известие да платам казна за сообраќаен прекршок, зашто во Чикаго не сум застанал по знакот за запирање. Се прашував како можело тоа да ми се случи. Кога се вратив на местото за да го утврдам прекршокот, веднаш зад знакот „СТОП“ забележав многу реклами за кафе и пијалаци. Да беше овој знак со иста големина како оној во Салисбери Плејн, се сомневам дека би го превидел, иако бев премногу восхитен од синот што ни се роди.

„Кажи ни“, молеле учениците, „кога ќе биде тоа и кој е знакот на твоето доаѓање и на крајот на векот?“ (Матеј 24,3).

*Двојно прашање.* - Прашањето што го поставиле учениците ја открива нивната збунетост. Поврзале два различни настана. „Кога ќе биде тоа?“ - прашале, мислејќи на разурнувањето на храмот, и „кој е знакот на твоето доаѓање и на крајот на векот?“ - мислејќи на крајот на светот. На четворицата ученици им изгледало дека разурнувањето на храмот и крајот на светот при второто Христово доаѓње е еден ист настан. Сметале дека единствено крајот на светот може да предизвика уништување на најважното место за богослужение на вистинскиот Бог.

Поврзувајќи ги овие два настана во еден, барале само една информација: „Кога ќе биде тоа?“, всушност - според кој знак ќе препознаеме дека тоа време е близу?

Коментаторите сметаат дека и сам Исус, обликувајќи го својот одговор, на некој начин ги поврзал информациите за овие два настана. Нема сомневање дека тоа во извесна мера е точно; но, насловите на библискиот текст на претходните страници ни помагаат овие Христови изјави прилично лесно да ги разделиме. Во секој случај, Исус дал посебни и различни знаци кои ги најавуваат овие два важни настана.

*Посебни и сигурни знаци.* - Исус споменал еден настан како непогрешен знак за уништување на храмот: „Гнасното опустошување... како владее на светото место“ (Матеј 24,15). Ова симболично пророштво е објаснето со текстот во Евангелието според Лука 21,20: „Ерусалим ќе биде опколен од војски“. Знаците кои укажуваат на крајот на светот Исус ги ставил на единствена и мошне куса листа на која се набележани настаните: проповедање на евангелието по цел свет (Матеј 24,14), низа небесни појави (Матеј 24,29) и својата дословна појава при второто доаѓање - на облаци и видливо како молња (Матеј 24,27.30).

*Начин на Христовото доаѓање.* - На прв поглед се чини дека Исус одбегнал да одговори на прашањето на своите ученици. Според него, највпечатлив знак за разурнување на Ерусалим било наближувањето на непријателите, а највпечатлив знак за крајот на светот бил начинот на неговото сопствено доаѓање. Меѓутоа, Исус е мошне сериозен додека зборува за оваа тема.

Како што предвидел Исус, а тоа го потврдиле подоцнежните настани, присуството на непријателската војска пред Ерусалим во 66-тата година од н.е. навистина се покажало како единствен знак потребен за ерусалимските христијани. Имено, римските војници одненадеж ја повлекле опсадата од околината на градот, па сите што сакале да бегаат, можеле да побегнат, пред римските војници да се вратат.

Зборувајќи за знаците на своето второ доаѓање, Исус мошне сериозно нагласил како ќе се случи тоа. „Тогаш на небото ќе се јави знакот на Синот човечки“, рекол и додал: „Тогаш ќе проплачат сите племиња на земјата и ќе го видат Синот човечки како доаѓа на небесните облаци со сила и со голема слава“ (Матеј 24,30).

„Знак на Синот човечки“ е неговото појавување „на небесните облаци“. Слично на припадниците на британската кралска куќа при важните државни пригоди што се возат на познатите златни кочии, и на американските претседатели кои летаат со специјален авион кој ја носи ознаката „Air Force One“ - и Синот човечки во особено значајни пригоди патува на натприродни облаци.



Библијата споменува три такви пригоди: Прво, Христовото вознесение од земјата на небото кога „се вознесе... и облак го зеде од пред нивните очи“ (Дела 1,9); второ, почетокот на предадвентниот суд, кога Синот човечки доаѓа на облаци до Божјиот престол (Даниел 7,9-14; Откровение 12-14); трето, второто Христово доаѓање кога текстот во Откровение 1,7 најавува: „Еве, доаѓа на облаци и ќе го види секое око.“ Видливото доаѓање на Исуса Христа на облаци е најважен „знак на Синот човечки“.

*Опомени и предупредувања.* - Распрашувајќи се за знакот на второто Христово доаѓање, учениците всушност сакале да дознаат кога Бог ќе почне да ги одбројува последните мигови од историјата и кои настани ќе ги предупредат на тоа. Секако, и ние денес би сакале да ги добиеме истите податоци. Сосем е природно што ќе се запрашаме: колку ни користи некој знак на Христовото доаѓање ако информацијата се однесува само на начинот на неговото доаѓање?

Со ова прашање ќе се занимаваме малку подоцна. Во меѓувреме се прашуваме зошто Исус не оставил каков и да е временски редослед на настаните поврзани со последното време. Шест седмици по овој разговор, непосредно пред да се вознесе, кога учениците го прашале: „Сега ли ќе го воспоставиш царството на Израел?“, Исус одговорил: „Не е ваше да го знаете времето и пригодата што Отецот ги одреди со својата власт“ (Дела 1,6.7).

Првата реченица што ја изговорил Исус во беседата на Маслинската гора, одговарајќи на барањето на учениците да им го открие знакот, гласела: „Гледајте да не ве заведе некој“ (Матеј 24,4). Не дозволете да бидете прелагани! Не дозволете да ве заведат лажни христоси и лажни знаци! Не дозволете да ве измамат прикаски дека разурнувањето на Ерусалим или крајот на светот ќе се случи порано отколку што е предвидено (Матеј 24,5-8). Слично на сообраќајниот знак, и Исус гласно ни објавува: „Предупредени сте!“ Не дозволете да ве збуни некое мноштво знаци кои не се знаци!

*Знаци кои не се знаци.* - Во беседата на Маслинската гора се појавува оној прочуен израз за „војни и гласови за војни“ (Матеј 24,6). Библиските христијани веќе со векови го наведуваат тој израз кога ги проучуваат меѓународните настани на своето време. Тие постојано се убедуваат себеси, барем за извесно време, дека Исус наскоро доаѓа. Но Исус отворено и јасно предупредува дека војните и гласовите за војни не мора во секој случај да претставуваат знаци за крајот. „Но тоа уште не е крајот“, објаснува Тој.

„Внимавајте да не се уплашите, зашто тоа треба да се случи. Но уште не е крајот. Зашто ќе се дигне народ против народ и царство против царство, и ќе има глад, помор и земјотреси на многу места. Но сето тоа е само почеток на родилните маки“ (Матеј 24,6-8).

Во секој случај, местото што го заземаат овие војни, гладот и земјотресите во беседата на Маслинската гора покажува дека Исус мисли на настаните што ќе се случуваат во текот на оние триесет и девет години што преостанале до падот на Ерусалим 70-тата година од н.е. Само за време на кусото владеење на римскиот цар Клавдиј (41-54 година по Христа) забележани се четири големи гладови. За еден од нив зборува извештајот во Делата на апостолите 11,28. Познато е дека силни земјотреси го потресле Крит (46 или 47 година по Христа) и Рим (51 година по Христа). Рим водел значајни војни во Северна Африка (41-42 година по Христа), Британија (43-61 година по Христа) и Ерменија (во почетокот на 60-тите години по Христа). Во 62 година по Христа римската војска доживеала тежок пораз во Ерменија, што веројатно ги охрабрила еврејските револуционери во Палестина.

Во текот на тие години во Палестина се чувствувала силна герилска и терористичка активност. „Галилеја“, пишува во својот извештај Јосиф Флавие, наведувајќи само една палестинска област, „е изложена на оган и крв“.

Христос нагласува дека катастрофите, поразите, војните и гладот не се „знаци“ поврзани со крајот што се приближува, ниту со крајот на Ерусалим, а ниту со крајот на светот! На нашата, со грев заплусната планета, тоа се само вообичаени настани, очекувани појави!



*Лажни христоси и лажни пророци.* - Исус исто така најавува појава на лажни месии и лажни пророци (Матеј 24,4.5.23.24; спореди со Марко 13,6.21-23).

Во текот на тие триесет и девет години што поминале меѓу беседата на Маслинската гора (31-та година по Христа) и падот на Ерусалим (70-тата година по Христа) навистина се појавиле многу лажни водачи. Јосиф Флавие кажува дека Палестина во тоа време била полна со „заводници и измамници“ кои, злоупотребувајќи ги очекувањата и стравувањата на народот, поттикнувале востание против Рим и тврделе дека дејствуваат „под божествено вдахновение“. Еден од тие измамници, некојси „лажен пророк“ од Египет, ги повикал Евреите желни за авантура да се придружат на неговото пустинско гнездо. Се ѕвале илјадници луѓе, верувајќи дека тој е месија кој ќе го избави Ерусалим од рацете на Римјаните. Меѓутоа, Римјаните почувствувале дека нешто се случува па се приготвиле. Кога настанал судир, речиси сите Евреи што го следеле овој лажен христос ги загубиле животите. Само Египќанецот, со уште неколку најблиски соработници, успеал да побегне. Набргу потоа еден римски воен заповедник го поистоветил апостол Павле со тој Египќанец (Дела 21,38).

Во беседата на Маслинската гора Исус укажува на лажни христоси и лажни пророци и тогаш кога зборува за своето второ доаѓање, а не само кога станува збор за разурнувањето на Ерусалим (Матеј 24,23.24). И овој втор дел од пророштвото се исполнил. Во најново време го имавме Џим Џонс (Jim Jones) и крвопролевањето во Џонстаун. Ако во мислите се вратиме малку подалеку во минатото, ќе си спомeнеме за Адолф Хитлер, за кого милиони образовани луѓе на Запад побожно верувале дека еден ден ќе му подари на човештвото илјадагодишен мир. Во 19 век Наполеон повел во смрт многу повеќе свои приврзаници отколку Џим Џонс денес. Потоа, си споменуваме за божествениот отец кој себеси се прогласи за бог во Филаделфија; па на квекерите, на мајката Ен Ли која тврдеше дека Христос е во женско тело. Листата продолжува.

*Начин на Христовото доаѓање.* - Да го разгледаме пак начинот на Христовото доаѓање.

Исус предупредил дека некои измамници ќе тврдат: „Ене го во пустината!“ или: „Ене го во една од внатрешните соби!“ „Не верувајте!“- ги повикал своите следбеници. „Ете, ви кажав однапред!“ Предупредени сте! (Матеј 24,25.26).

Дали Исус ќе дојде незабележано? Не. Тој кажува не!

Дали ќе се врати скришно? Не!

Како ќе дојде? „Како молњата што излегува од исток и свети до запад, такво ќе биде и доаѓањето на Синот човечки.“ „Тогаш на небото ќе се јави знакот на Синот човечки. Тогаш ќе проплачат сите племиња на земјата и ќе го видат Синот човечки како доаѓа на небесните облаци со сила и со голема слава. И Тој ќе ги прати своите ангели со силен глас на труба, а тие ќе ги соберат неговите избраници од четирите ветра, од едниот до другиот крај на небото“ (Матеј 24,27. 30.31).

За да ги поштеди своите драгоцени следбеници од разочарување и да ги спаси од пропаст, Исус му посветил толку големо внимание на начинот на своето доаѓање. Очигледно е дека измамник е секој учител кој тврди дека Христос ќе дојде на кој било друг начин освен на небесни облаци!

Светиот Дух го инспирирал апостол Павле да го опише „Господовото доаѓање“ на ист начин како што го сторил тоа Христос. Тој кажува: „Зашто сам Господ ќе слезе од небото, на заповед, со глас на архангел и со Божја труба, и мртвите во Христа ќе воскреснат први. Потоа ние живите кои останавме, ќе бидеме земени заедно со нив на облаци за да го сретнеме Господа во воздухот; и така засекогаш ќе бидеме со Господа“ (1. Солуњаните 4,15-17).

Два збора во Павловиот опис станале познати меѓу христијаните. Еден од нив е „parusia”, грчки збор кој се преведува како „доаѓање“. Зборот „parusia” е употребуван во старо време да ги означи државните посети на важните личности. Имав можност овој збор да го прочитам на едно парче оштетена грнчарија на кое беше опишано доаѓањето на некој претставник на власта во една стара египетска заедница. Зборот „parusia” е употребен во Евангелието според Матеј 24,3 и на уште некои места во Новиот завет, а се однесува на Исусовото доаѓање.

Друг важен збор што го наоѓаме во некои преводи на текстот во 1. Солуњаните 4,15-17 е „rapiemur“. Тоа е облик на латинскиот глагол „rapere“, кој се појавува во преводот на Вулгата на местото што ние го преведуваме како „ќе бидеме земени“. Зборот во себе носи значење „да се биде однесен“ или „одведе“. Во современиот англиски јазик зборот „rapture“ има позитивно значење. Се употребува кога се опишува дека некој бил „занесен“, „обземен“, „проникнат“ со радост или со слични позитивни чувства. Во старо време со тој збор во секојдневниот говор се означувало деко некој нешто „дигнал“ или „зел“.

При своето доаѓање (parusia) Исус ќе го земе или ќе го спаси својот народ. Под какви околности? Ќе се слушне глас на заповед, повик на архангел, продорен звук на труба и ќе се види нашиот Господ на облаци.

Секој „христос“ кој ќе дојде, или кој тврди дека дошол на кој било друг начин, сигурно е лажен христос. Затоа е очигледно дека и секој учител, кој тврди дека Христос ќе дојде на кој било друг начин, е лажен учител.

Христовото предупредување е мошне значајно. Во беседата на Маслинската гора Исус објаснил дека отфрлањето на лажните учители е многу поважно отколку точното познавање на временскиот редослед на настаните.

„Ете, ви кажав однапред“ (Матеј 24,25). Никој нека не ве измами! Предупредени сте!

*Други вистински знаци.* - Иако прецизно опишаниот начин на неговото доаѓање претставува „знак“, Исус ни дал уште некои знаци за своето доаѓање. Во Евангелието според Матеј 24,29.30, рекол: „Веднаш по страдањата во тие денови сонцето ќе потемни, месечината нема веќе да свети, од небото ќе паѓаат ѕвезди и небесните сили ќе се растресат. И тогаш на небото ќе се јави знакот на Синот човечки.“ Во Евангелието според Лука 21,25-27 ги наоѓаме и овие негови зборови: „Ќе има знаци на сонцето, на месечината и на ѕвездите, а на земјата народите ќе бидат опфатени од страв и збунетост од бучавата на морето и на брановите. Луѓето ќе изнемоштуваат (примираат) од страв и од исчекувањето на она што ќе го снајде светот, зашто небесните сили ќе се разнишаат. И тогаш ќе го видат Синот човечки како доаѓа на облак со голема сила и слава.“

Во Евангелието според Матеј 24,33 Исус кажува: „Така и вие, кога ќе го видите сето тоа, знајте дека е близу, на

прагот е.“ Во Евангелието според Лука 21,28 додава: „А кога ќе почне да се случува тоа, исправете се и подигнете ги главите, зашто наближува вашето избавување.“

Многу христијани веруваат дека овие знаци на сонцето, на месечината и ѕвездите веќе се исполниле. Оваа возбудлива можност заслужува наше посебно внимание. За доказите расправаме во делот на текстот под наслов „Знаците на последното време“.

Според Исусовото пророштво, меѓу настаните кои ќе ги видиме непосредно пред неговото второ доаѓање спаѓа и еден мошне интересен и посебен знак: „И ова евангелие за царството ќе биде проповедано по целиот свет за сведоштво на сите народи и тогаш ќе дојде крајот“ (Матеј 24,14). За ова значајно пророштво ќе зборуваме малку подоцна, откако ќе разгледаме некои важни прашања.

## II. Светогрдие кое предизвикува пустење

Кога го прашале Исуса: „Кажи ни кога ќе биде тоа“, учениците разурнувањето на Ерусалим го идентификувале со второто Христово доаѓање. Тоа веќе неколкупати го нагласивме.

Одговарајќи на ова прашање, Исус го споменал „гнасното опустошување, за кое зборува пророк Даниел“ (Матеј 24,15). Тоа „страшно пустење“, или „пустошно светогрдие“, или „светогрдие кое предизвикува пустошење“, обично во библиските преводи на македонски јазик се нарекува „гнасно опустошување“, „мерзост на запустението“, „одвратност на запустувањето“. Наша цел ќе биде на неколку од следните страници да размислуваме за тоа „гнасно“ и за „опустошувањето“ што го предизвикува тоа. Кога ќе видиме како буквално се исполниле Христовите пророштва за разурнувањето на Ерусалим околу 70-тата година по Христа, тогаш ќе се зацврсти и нашата доверба во неговите пророштва што треба да се исполнат во нашето време. Тоа е особено важно зашто поимот „гнасно опустошување“ може да се примени и на нашите денови во иста мера како и на времето на разурнувањето на Ерусалим.

„И така, кога ќе го видите гнасното опустошување, за кое зборува пророкот Даниел, како владее на светото место (кој



чита - нека разбере!), тогаш жителите на Јудеја нека бегаат по горите; а оној што ќе биде на покрив, нека не слегува да земе нешто од својата куќа; и кој ќе биде в поле, нека не се враќа за да ја земе наметката! Но тешко им на бремените и на доилките во тие денови. Молете се вашето бегство да не биде во зима или во саботен ден“ (Матеј 24,15-20).

*Увод во разурнувањето.* - Додека чита за исполнувањето на ова пророштво, читателот може да се растажи, но тие настани претставуваат впечатлива илустрација за сигурноста на библиското пророштво.

За подобро да ги согледаме настаните, да се вратиме малку подалеку во минатото. Малечката држава Јудеја, чијашто престолнина бил Ерусалим, е припоена кон Римското царство во 63-та година пред Христа, кога Помпеј го освоил градот. Иако голем дел од поразените народи подоцна се гордееле со тоа што ѝ припаѓале на Римската империја, многу Евреи во Јудеја и Галилеја биле проникнати со бунтовен дух и станале познати по своето борбено опирање кон римската превласт.

Римјаните обично, иако не секогаш, се обидувале со Палестина да управуваат мирољубиво. Но, како времето одминувало, крвавите судири зачестиле, така што кон средината на шеесеттите години, барем така се мисли, бројот на палестинските Евреи кои го загубиле животот во еден единствен судир изнесувал 20 илјади! Максимумот е постигнат кога свештениците во храмот решиле да не принесуваат веќе жртви ниту да упатуваат молитви за римскиот цар. Во тоа време сите етнички групи во царството принесувале жртви и се молеле за императорот. Повеќето од нив дури му принесувале жртви на самиот цар, молејќи му се како на бог.

Одлуката на Евреите да не се молат за императорот е сметана за предавство. Казната била неизбежна. Цестиј Гал, гувернер на римската провинција Сирија, во чијшто состав влегувала и Јудеја, се упатил од Антиохија кон југ со војска од две легии и со многубројни помошни трупи (Легија била елитна единица со околу шест илјади луѓе). Во октомври 66-та година по Христа, кога Цестиј Гал пристигнал пред Ерусалим, наишол на остар отпор. Одненадеж го нападнала герилска група и убила 515 Римјани, губејќи при тоа само 22

војника. Но токму тој сјаен успех внел меѓу герилците страв од свирепа одмазда, па се поколебале и се повлекле зад дебелите ѕидишта на храмскиот комплекс.

Поумерените Евреи им предлагале на Римјаните веднаш да го заземат подрачјето на храмот и така да ги совладаат бунтовниците пред тие повторно да се соберат. И Цестиј Гал навистина тргнал против храмот. Причина за целиот поход била да се обнови молитвата за царот во храмот. Меѓутоа, од некоја необјаснива причина, по помалку од една седмица борба и на прагот на целосен успех, Цестиј Гал се повлекол и се упатил назад кон Антиохија. Таа одлука неговите трупи ги изложила на катастрофални последици. Борците на еврејското движење на отпорот ги запоседнале планинските гребени над патот што водел кон север. Со стрели, со копја и со камења успеале да убијат речиси шест илјади Римјани.

Во војната што тогаш избувнала, историчарот Јосиф Флавие извесно време учествувал на страна на Евреите како генерал, а потоа преминал на римска страна. По многу години, осврнувајќи се на тогашните настани, тој необјасниво то повлекување на гувернерот го смета за пресвртница во судирот. Јосиф Флавие заклучува дека Римјаните би го повратиле мирот во Ерусалим со незначителни загуби во жива сила и материјал кога Цестиј Гал малку порешително би го водел нападот: „Само малку подолго да го држеше храмот под опсада, ќе го заземеше градот.“ И тогаш не би имало ниту еврејска војна ниту разурнување на градот!

Меѓутоа, тешко погоден од загубата на своите војници, Римјаните решиле да се вратат. Императорот Нерон го повикал од Британија способниот генерал Веспазијан кој, со помош на својот син Тит, внимателно го испланирале претстојниот воен поход (и Веспазијан и Тит подоцна станале цареви). Заедно, таткото и синот организирале кампања во која, можеби, една четвртина милион палестински Евреи изумреле од глад, или се спалени, убиени со стрели, распнати, пресечени со меч или одведени во доживотно ропство.

*Храмот и градот срамнети со земја.* - Пролетта, 70-та година по Христа, кога Тит, со четири легии и со голем број помошни чети ја почнал опсадата околу Ерусалим, градот



бил преполн со Евреи кои се собрале да го прослават празникот Пасха.

Додека траела опсадата, нечистотијата и гладот го собирале својот морничав данок. Среде сѐ посилната паника, три организирани банди придонесувале за сеопштиот ужас, тероризирајќи ги своите еврејски сонародници и огорчено судрувајќи се околу сѐ поскудните резерви на храна. Една прегладнета мајка го изела своето дете.

Тит се обидел да го спаси храмот зашто тој претставувал украс за целото царство. На различни начини настојувал да го поштеди и градот и неговите жители. Меѓутоа, градските татковци ги одбивале сите услови, верувајќи дека Бог уште ги признава за свој народ и дека ќе го сочува храмот како место за богослужение.

Кон крајот на август, некои Римјани, налутени со привидно неразбирливиот фанатизам на еврејскиот отпор, подметнале пожар во храмот, запалувајќи ги со злато преслечените штици на ѕидовите и таваните на градбата. И ден-денес Евреите секоја година, на деветтиот ден од еврејскиот месец Аба, си споменуваат за овој настан. Меѓутоа, и по спалувањето на храмот, преживеаните тврдоглаво одбивале да се предадат, па Тит во очај им препуштил сѐ на волја на своите војници. Градот и храмот буквално исчезнале. Со исклучок на мал дел од ѕидовите, само три кули, „градот беше толку темелно срамнет со земјата“, кажува Јосиф Флавие, „што на идните посетители на тоа место не ќе им преостане ништо друго освен да поверуваат дека тој никогаш не бил населен“.

Од силното мноштво луѓе што се нашле во градот на почетокот на опсадата, одвај некој останал жив, освен околу 97.000 мажи, жени и деца што биле собрани во Ерусалим и во претходните капмањи во Јудеја и Галилеја и одведени во ропство. Мнозина од тие заробеници биле пратени во римските покраини во амфитеатрите да се соочат со диви ѕверови. Голем број од нив биле натерани да го копаат Коринтскиот канал во Грција. Други биле одведени во Египет како робови да кулукуваат и да умрат од премаленост. Некои им биле понудени на пазарите како робови на незнабошците кои живееле во Јудеја, „и биле купувани под секоја цена поради презаситеност на пазарот и поради слаб одѕив на купувачите“.

*Исполнето пророштво.* - Разурнувањето на Ерусалим претставувало буквално исполнување на Христовото пророштво изговорено пред триесет и девет години: „Нема да остане тука ниту камен на камен што не ќе биде урнат“ (Матеј 24,2). Се исполниле неговите зборови за глад, за земјотреси, за гласови за војни и за војската што го опколува светото место.

Жената што го изела своето дете, робовите продадени под секоја цена и заробениците префрлени со бродови во Египет - претставуваат исполнување на други пророштва што ги кажал Мојсеј околу илјада и петстотини години пред тоа: „Но, ако не го слушаш гласот на својот Господ Бог, не пазејќи и не извршувајќи ги неговите заповеди и сите негови закони... (твоите непријатели) ќе те опсадуваат во сите градови низ целата твоја земја додека не ги разурне високите и утврдените ѕидови на коишто си се надевал... па ќе го

*Повлекувањето на римската армија 66-та година ерусалимските христијани го сфатиле како исполнување на знакот што им го дал Христос и затоа веднаш го напуштиле градот.*



јадеш плодот на својата утроба... и Господ ќе те врати со кораби назад во Египет... Таму вие самите ќе им се продавате на вашите непријатели за робови и робинки, но не ќе има купувачи“ (5. Мојсеева 28,15.52.53.68).

*Бог се погрижил.* - Падот на Ерусалим во римски раце нè потсетува на неговиот пад во рацете на Вавилонците неколку векови пред тоа. Читавме како на Бога му било тешко да се откаже од Ерусалим и да му го препушти на царот Навуходоносор и како постојано праќал пророци да ја спречи пропаста.

Во новозаветниот период Бог сторил многу повеќе за да ги поштеди Евреите во Ерусалим од страшните страдања (поразии) што ги очекувале од римските раце. Над триесет години лично Божјиот Син одел по нивните патишта и улици, покажувајќи им го патот на мирот. Ги учел да проштаваат, да враќаат добро за зло и да ја почитуваат на законит начин воспоставената власт. Кога еден римски војник, користејќи го своето право, би натерал Евреин да му носи некаков товар еден километар, Исус на Евреинот му велел товарот доброволно да го носи уште еден километар (Матеј 5,41).

Кога сите Евреи од Јудеја и од Галилеја би ги прифатиле Христовите учења, не би се вклучиле во разбојничките чети ниту би вршеле саботажи кои Римјаните ги поттикнувале на одмазда. Не би одбивале да платат данок. Не би престанале да се молат за царот - што, како предавнички чин, и предизвикало војна. Не би живееле уверени дека Бог ќе прави чуда за да ги избави луѓето кои толку долго му биле непослушни, ако прво не се покаат! Не би се делеле во остро противставени табори, туку великодушно би си помагале едни на други.

Меѓутоа, сите Евреи не го отфрлиле Исуса. Илјадници го прифатиле (Дела 2,41). Имале доверба не само во неговите верски учења, туку и во неговите пророштва. Си споменувале за неговите зборови: „Кога ќе го видите гнасното опустошување, за кое зборува пророкот Даниел, како владее на светото место!“ - што значи: „Кога ќе видите дека Ерусалим е опколен од војски!“ - „Тогаш, жителите на Јудеја нека бегаат по горите“ (Матеј 24,15.16; Лука 21,20).

Неочекуваното повлекување на Цестиј Гал во ноември 66-та година по Христа, кога победата веќе му се насмевну-

вала, на христијаните им дало драгоцена можност да побегнат. Во својот извештај Јосиф Флавие кажува дека во тоа време „многу угледни Евреи го напуштиле градот слично на екипажот што го напушта бродот кој тоне“.

Се чини дека и христијаните од еврејство во тоа време го напуштиле градот. Преселувајќи се на север, основале населба кај Пела, југоисточно од Галилејското езеро. Христовите зборови, преведени кај нас со изразот „нека бегаат по горите!“, можат исто така да се сфатат и како „нека бегаат на висорамнината!“, или „нека се засолнат надвор од градските подрачја!“ Пела е сместена меѓу брановидни ритчиња, далеку од градот.

Христијаните од еврејство го послушале Христовиот совет затоа што имале доверба во неговите зборови. И не ни е познато дека и еден единствен христијанин од еврејство - мајка, татко или дете - загинал во текот на страшната гибел во Ерусалим.

## III. Светогрдието и христијанската црква

Како што забележавме веќе порано, текстот во Евангелието според Матеј 24,15 некои преведувачи го преведуваат како „светогрдие кое предизвикува пустење“, или како „пустошна стравотија“, или како „пустошно светогрдие“, додека нашиот најраспространет превод го употребува поимот „мерзоста на запустението“.

Сфативме дека Исус овде симболички зборува за римската војска која 66-та и 70-та година од новата ера ќе го опколи Ерусалим (спореди со текстот во Евангелието според Лука 21,20). Меѓутоа, неговите зборови заслужуваат многу повеќе внимание! Имено, со поимот „мерзоста на запуступувањето“ („гнасното опустошување“) е опфатено многу повеќе отколку активностите на римската војска.

Исус кажал дека пророкот Даниел преткажал гнасно запустување. Тоа е точно, зашто Даниел, служејќи се со други зборови, но имајќи ја предвид целосно истата мисла, зборува (Даниел 11,31) за „гнасно опустошување“. На друго место (Даниел 8,13) тој истата појава ја нарекува „престап кој предизвикува пустење“ или „пустошен отпад“. Даниел преткажува дека тој „отпад“ ќе придонесе да се „гази Светилиштето и војската“. Зборувајќи за истата тема на уште еден начин (Даниел 9,24-27), пророкот зборува за „бесрамен и лукав цар“ кој ќе се појави на крилајата на беззаконието да го разурне градот Ерусалим и неговиот храм.



Според тоа, пророкот Даниел, користејќи и други изрази, навистина зборува за гнасно опустошување.

Во некои преводи на Стариот завет истиот овој поим понекогаш се употребува како ознака за идолопоклоничкото богослужение (види ги текстовите во 2. Царевите 23,13 и Исаија 44,19). Поимот „престап“ означува нешто грешно. Со поимот „светогрдие“ (Матеј 24,15) е опишано однесувањето со кое му се нанесува срам на Бога. Според тоа, сите овие поими - и „гнасното опустошување“ и „пустошниот отпад“ и „светогрдието кое пусти (пустоши)“, како што зборуваат за нив Даниел и Исус, секогаш означуваат едно исто. Станува збор за грешниот систем на богослужение кој ќе произведе светогрдие - газење и пустење на Божјиот град, на неговото Светилиште и на неговиот народ.

Римската војска, која го опустела Ерусалим, била такво идолопоклоничко, пустошно светогрдие. Наместо знаме, римските војници носеле стегови. Стегови се долги копја на чијшто врв се наоѓале прекрстени раце од кои висело посебно обележје на секоја легија. („Десеттата Фретенсиска“ и „Дванаесеттата Фулминатска“ легија се бореле во палестинската војна кај Ерусалим). Додека современите војници своите знамиња ги поздравуваат, Римјаните своите стегови ги обожавале. Древниот писател Тертулијан дури тврди дека „целокупната војничка религија на Римјаните се извршува преку обожавање на стеговите“.

По разурнувањето на ерусалимскиот храм, додека урнатините сè уште чуреле и додека поразените Евреи уште крвавеле, проколнувале и умирале на сите страни, Римјаните, кажува Јосиф Флавие, „ги внеле своите стегови во тремовите на храмот, ги поставиле спроти источната врата и им принеле жртви“.

Римската војска, која стоела на тоа свето место и која го разурнала и опустела Ерусалим, била длабоко идолопоклоничка. Навистина била „гнасота“, „светогрдие“ кое донело „пустење“.

„Гнасноста“ го означувала „Рим“. Изразот „пустошен отпад“, кој го наоѓаме во книгата на пророк Даниел 8,13 се однесува на симболичниот „малечок рог“ од истата глава. Некои коментатори на Библијата сметаат дека тој малечок рог го претставува Антиоха Епифана. Кога станува збор за овој безначаен и настран сириски владетел (175-164 г. пред Христа), од истиот извор дознаваме дека го укинал обредот „принесување на жртви“ во храмот во периодот меѓу 168 и 165 година пред Христа. Исто така дознаваме дека тој во многу подробности не се вклопува во описот на малечкиот рог. Меѓутоа, веќе и самиот факт дека Исус во Евангелието според Матеј 24,15 и во Евангелието според Лука 21,20 гнасното опустување го поврзал со доаѓањето на римската војска, значи со настан во иднина, јасно потврдува дека не е во прашање Антиох Епифан.

Исто така утврдивме дека „малечкиот рог“, за кој зборува Даниел во осмата глава од својата книга, го претставува „Рим“. *И незнабожечкиот и христијанскиот Рим! И Римското царство и средновековната Римска црква!*

Пророштвата запишани во книгата на пророк Даниел во 2-та, 7-та и 8-та глава течат паралелно. Секое пророштво почнува во времето на Даниел и продолжува сѐ до крајот на светот. Различните симболи со кои во секоја глава е претставено Вавилонското, Персиското и Грчкото царство, исто така во секоја глава ги следи и симболот на Рим: железото (Даниел 2. глава), необичниот ѕвер ( Даниел 7. глава) и малечкиот рог (Даниел 8. глава). Во сите тие пророштва Бог намерно ги изостава големите позитивни достигања и на Римската империја и на Римската црква. Во секој поглед Тој намерно ги истакнува негативните, одбивните карактеристики на Рим за да ни даде важна поука.

Секако, сега сме подготвени да прашаме: Дали малечкиот рог (Даниел 8) - односно „пустошниот отпад“ (Даниел 8,13) - навистина го „гази“ Божјето „Светилиште“ и неговата „војска“, односно неговиот народ? Одговорот гласи: ДА! За време на паганската империја, Рим го разурнал ерусалимскиот храм во кој повеќе од илјада години се наоѓал центарот на јавното богослужение посветено на вистинскиот Бог. На сите им е познато дека Римската империја ги



прогонувала луѓето кои верувале во вистинскиот Бог. Рим во својата христијанско-црковна фаза исто така ги прогонувал Христовите следбеници. Потоа, средновековните христијански учења и однесување сериозно ја загрозиле „секојдневната“ (еврејски: тамид) Христова посредничка служба во небесното Светилиште. Меѓу Христа и неговиот народ, средновековниот Рим поставил лажно свештенство, лажна жртва, лажен врховен поглавар на црквата и лажен пат на спасение. Дека средновековната црква срамно се однесувала, искрено признаваат и истакнатите језуитски автори по Вториот ватикански концил.

Посматрано од таа гледна точка, „гнасното пустење“ мора да се сфати како лажен систем на богослужение, како „Рим“ и во својот пагански и во својот христијански облик. Паганскиот Рим го напаѓал видливото Божје Светилиште, ерусалимскиот храм, и ги прогонувал припадниците на вистинското христијанство. И христијанскиот Рим ги прогонувал христијаните и станувал против невидливото Светилиште на небото, во кое Исус ја врши својата посредничка служба за нас.

*Отпад и човек беззаконик.* - Да се зборува за тоа дека средновековната црква срамно се однесувала значи да се ѕвони за тревога. Како би можеле христијаните да се однесуваат така ако претходно не отпаднале од Христа и не ја отфрлиле вистинската вера? Токму тој отпад бил преткажан во беседата на Маслинската гора. „Тогаш мнозина ќе се соблазнат“ (Матеј 24,10). Околу дваесет и пет години по беседата, апостол Павле зборува за истата трагедија и на христијанските старешини во Ефес им кажува: „Јас знам дека по моето заминување, меѓу вас ќе навлезат свирепи волци кои нема да го штедат стадото; а и од вас самите ќе се подигнат луѓе кои ќе зборуваат изопачено за да ги одвлечкаат учениците по себе“ (Дела 20,29.30).

„Никој да не ве измами на никаков начин“, им кажува апостол Павле на некои нови христијани во Солун кои копнееле по Христовото доаѓање (неговите зборови претставуваат јасен одглас на една Христова опомена запишана во Евангелието според Матеј 24. глава), и продолжува: „Зашто тоа нема да се случи додека првин не настане отпад (грчки apos-

tasia), и не се појави човек на беззаконието, син на погибелта, кој се противи и се воздига над сè што се нарекува Бог или Светиња, така што ќе седне во Божјата црква и ќе се претставува себеси дека тој е бог. Не помнете ли дека за ова ви зборував уште кога бев кај вас?“ (2. Солуњаните 2,3-5).

„Тајната на беззаконието“ веќе била на дело. Павле го продолжува разговорот, опишувајќи ја состојбата кон средината на првото столетие. Потоа преминува на објаснување: „Зашто тајната на беззаконието веќе дејствува, додека не се отстрани од средината оној што сега ја задржува, и потоа ќе се јави беззаконик кого Господ ќе го убие со здивот на својата уста и ќе го уништи со појавата на своето доаѓање“ (2. Солуњаните 2,7.8).

Апостол Павле докажува дека човекот на беззаконието нема да се појави сè до времето кое за апостолот претставува иднина, но, кога еднаш ќе се појави, тој ќе го продолжи своето дело сè до второто Христово доаѓање.

Се чини премногу сурово, дури и нехристијански, да се каже дека Римската црква го исполнила ова пророштво. Меѓутоа, Павле зборува за „отпад“, за „бунт“. И отпадот и бунтот се случуваат во редовите на организацијата, а не надвор од неа. Многу папи, заедно со своите следбеници, навистина барале божествен статус за папството, дури и неодамна, во деведесеттите години од деветнаесеттиот век, и од тие барања никогаш јавно не отстапиле. Исто така видовме дека Римската црква станувала против некои одредби на Божјиот закон, и сè до денес не го изменила своето гледиште.

*Христијаните што предводат се загрижени.* - На зенитот од средниот век, образованите христијани кои предводеле, длабоко се загрижиле токму поради отпадот во црквата. Изложувајќи го на опасност својот живот, длабоко се вознемириле, убедени дека „човекот на беззаконието“, „гнасното опустување“, се појавило во нивно време. Заклучиле дека црквата - или нејзините догми или, во најмала рака, нејзиното земно водство - го претставуваат „човекот на беззаконието“ (2. Солуњаните 2. глава) и „гнасотијата“ (Матеј 24. глава).

**Јан Милич** (умрел 1374) бил еден од тие угледни христијани. Како секретар на императорот Карло IV и архиѓакон на катедралата во Прага, Милич го одбил унапредувањето и се откажал од својата положба за да се посвети на проповедање. За време на своето поклонение тој зборувал во Рим пред голема група клерици и теолози на тема: „Антихрист дошол!“ Веднаш го затвориле, но тој од римскиот затвор пишувал: „Кога зборува за гнасотијата во храмот (Матеј 24,15), Христос нè повикува да погледнеме околу себе и да видиме како црквата опустела поради негрижата на своите пастири.“

**Џон Виклиф** (John Wycliffe, умрел 1384), познат католички теолог, англиски државник, оксфордски професор, го препознал „гнасното опустување“ во доктрината за трансупстанцијација, која и на народот и на бискупите им била наметната под закана на исклучување од црквата.

**Сер Џон Оулдкасл** (John Oldcastle, умрел 1417), познат и под името Лорд Кобам (Lord Cobham), заслужува повеќе да се знае за него. По смртта на Виклифа, Сер Џон им давал стипендии на оксфордските студенти кои ја проучувале

*Во 14 век Виклиф ги пратил своите следбеници со ракописите на својот нов превод на Библијата за да им покажат на луѓето дека Христос, без посредување на свештениците, ќе им ги прости гревовите.*



Библијата и ги плаќал „сиромашните проповедници“ или „лолардите“ да поминуваат низ целата земја и да го учат народот од Библијата. Надбискупот од Кентерберij, Арундел, го наговорил англискиот крал да го укори. Сер Џон одговорил дека е подготвен да го послуша кралот сообразно со текстот од Римјаните 13. глава, но дека не може да ја послуша наредбата на црквата да престане да ја проповеда Библијата. Потоа додал дека од Библијата му е познато оти папата е „син на погибелта“ (човекот на беззаконието од 2. Солуњаните 2,3) и „гнасното опустување... кое стои на светото место“. Сер Џон бил затворен, но успеал да побегне. По четири години повторно бил фатен и осуден - бил жив спален на тивок оган. Умрел пеејќи му химни на Бога.

**Јан Хус** (Jan Huss, умрел 1415), Чех како и Милич, исто така папата го смета за човек на гревот. Хус на чешки јазик значи гуска. Хус бил свесен дека гуската може да биде испечена. И навистина била! На 6 јули 1415 година, на црковниот концил во Констанца бискупите го осудиле Хуса - бил жив спален.

**Мартин Лутер** (Martin Luther, умрел 1546) бил монах. Бил длабоко загрижен за судбината на црквата. Дошол до заклучок дека црквата во негово време била „гнасотијата...“ за која зборува Исус во Евангелието според Матеј 24,15 и човекот на беззаконието од 2. Солуњаните 2. глава кој седи „во Божјата црква (што значи сред христијанството) како бог, покажувајќи се себеси дека тој е бог“.

Трагично, но вистинито, гнасното пустеење, за кое зборуваат Исус и пророк Даниел, навистина е незнабожечкиот и христијанскиот Рим.

## IV. Преткажаните неволји - и ти

Разговарајќи за трагичната смрт на Јан Хус и на Џон Оулдкасл, си споменуваме дека во својата беседа на Маслинската гора Исус преткажал оти неговите следбеници ќе поминуваат низ тешки неволји. „Тогаш ќе ве предадат на маки и ќе ве убиваат, и сите народи ќе ве замразат заради моето име“ (Матеј 24,9).

Таа вечер Исус неколку пати зборувал за неволјите. Малку подоцна (Матеј 24,21.22) зборува за „голема неволја“



каква што не постоела ниту пак ќе постои, толку тешка што „никој не би останал“ кога деновите на прогонството не би се скратиле.

„Неволја“ е превод на грчкиот збор што значи „мака, страдање, патила“. Освен Христовата напомена во беседата на Маслинската гора, Библијата бележи и многу други пророштва за времиња на големи неволји. За тоа малку подоцна.

Првата неволја, најавена во беседата на Маслинската гора, требало да почне многу бргу, уште додека биле живи учениците. „Тогаш ќе ве предадат на маки“ - им објаснил Исус на учениците. И така морало да продолжи, речиси без престан. Кога напоменал: „И сите народи ќе ве замразат заради моето име“, Исус однапред гледал сè до крајот на времето, следејќи го ширењето на евангелието од народ до народ. Некои народи ќе го прифатат евангелието и ќе станат Христови следбеници. Трагично, но Исус знаел дека други народи не само што ќе го отфрлат него, туку и ќе ги прогонуваат оние што ќе го прифатат него.

Втората неволја за која зборувал Исус, онаа што се разликува од сите во минатото и во иднина, се случила во текот на 1260-те пророчки денови од книгата на пророк Даниел 7,25 како дел на страшниот ритуал на прогонството, патилата и маките со кои е обележана историјата на римското христијанство.

Уште една неволја или „време на неволја“, и тоа различно од оние пред и по него, е преткажно во книгата на пророк Даниел 12,1.2. Ова „време на неволја“ ќе настапи во времето кога ќе се појави „големиот Кнез“ Михаел. Ангелот Гаврил му објаснил на Даниел: „Во тоа време ќе се избави твојот народ, секој што ќе се најде запишан во книгата. И мнозина од оние што спијат во земниот прав ќе се разбудат - едни во живот вечен.“

Таа единствена неволја ќе се појави во врска со воскресението при второто Христово доаѓање. Таа ќе настане кога судот, што е опишан во книгата на пророк Даниел 7,9-14, ќе го заврши истражувањето на книгите. Таа ќе им донесе страв само на неправедните. Божјиот народ, „секој“ припадник на Божјиот народ, ќе биде слободен од неа.

Таа страшна неволја на крајот од времето, иако релативно куса, ќе биде различна од сите други по тоа што во

неа ќе биде вклучено и времето на седумте последни зла. Големата неволја во текот на 1260-те пророчки денови била различна од другите по тоа што таа траела многу векови. На неа биле изложени и верници и неверници. Повремено таа однесувала една четвртина, па и една третина од населението.

За различните неволји ќе кажеме повеќе кога ќе расправаме за текстовите од Откровение 2,10; 3,10 и 6,9-11.

*Неволјите и ти.* - Во тишината на таа значајна вечер на Маслинската гора Исус им рекол на учениците: „Тогаш ќе ве предадат на маки и ќе ве убиваат!"

Неволјата била лична и болна. На барање од еврејските старешини царот Ирод ги затворил во Ерусалим Јакова и Петра, двајца од четворицата предани пријатели (Дела 12,1-19). На Јакова му била пресечена главата, Петра го избавил ангел - но многу години подоцна сепак маченички го загубил животот во Рим, веројатно распнат наопаку, со главата свртена надолу. Следниот припадник на групата ученици на Маслинската гора, Јован, бил фрлен во вриено масло. Но, преживувајќи на чудесен начин, тој бил протеран на островот Патмос, во Егејско Море, каде што добил откровение.

Меѓутоа, Исус мислел и на другите страдалници. Тој знаел дека неволјите ќе бидат ограничени на одредени временски периоди или на одбрани поединци. „Во светот ќе имате неволји", рекол Тој (Јован 16,33). Неговите зборови претставуваат сеопшто необорливо правило, аксиом, како што се: „Во училиштето имате учители!" или: „Во војна се гине!" Неволјите се неизбежен составен дел на човечкиот живот. „Човекот се раѓа за неволја, како орловиот лет што се стреми кон височините" (Книгата за Јов 5,7).

Сепак, ако е христијанин, човекот може да одбегне разновидни неволји и да ублажи многу од нив. Одлуката да живее според здравствените начела за да го прослави Бога (1. Коринќаните 10,31) му помага на христијанинот да одбегне многу страдања и болки. Со својата љубезност тој може да го стивне гневот на своите ближни: „Љубезниот одговор јарост стивнува!" (Мудри изреки 15,1). И молитвата може да донесе многу промени: „Повикај ме во ден на неволја: јас ќе те избавам, а ти да ме прославиш" (Псалм 50,15).



Меѓутоа, некои неволји се неизбежни. „Во светот ќе имате неволји!" Христијаните од еврејство, кои го напуштиле Ерусалим сообразно со Христовиот налог, на прекрасен начин биле поштедени при крвопролевањето што ги снашло нивните сограѓани, но не можеле да ги одбегнат тешкотиите и напорите од бегањето до Пела и од отпочнувањето на нов живот во новиот крај. А и христијанските маченици очигледно поминале низ тешки страдања.

Но, кога кажал: „Во светот ќе имате неволји!", Исус не се запира, туку продолжува: „Но бидете храбри - јас го победив светот" (Јован 16,33). Христос има власт во своите раце и Тој има право да го каже последниот збор за нашите неволји.

„Тогаш ќе ве предадат на маки!" - кажува Исус во Евангелието според Матеј 24,9. Всушност, „и ќе бидат убиени некои од вас!" Но, не бојте се! „Нема да ви падне ни влакно од главата" (Лука 21,16-18).

**ТРИ ПОСЕБНИ НЕВОЛЈИ ПРЕТКАЖАНИ ВО БИБЛИЈАТА**
„Во светот ќе имате неволји, но бидете храбри!" (Јован 16,33)

| : | *Пророштво:* | *Исполнување:* |
|---|---|---|
| | I. НЕВОЛЈИ ВО ВРЕМЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА<br>Божјиот народ изложен на страдања | |
| | „Тогаш ќе ве предадат на маки и ќе ве убиваат" (Матеј 24,9). | Евреите почнале да ги прогонуваат христијаните 31-та година по Христа, а Римјаните 64-та година по Христа, кога Нерон го запалил Рим. |
| | „Ќе бидете во неволја десет дни. Биди верен до смрт и ќе ти ја дадам круната на животот" (Откровение 2,10). | Познатиот бран на прогонства од страна на Римјаните во текот на „смирнанскиот" период е познат како Диоклецијаново прогонство од 303 до 313 година по Христа. |

II. ГОЛЕМА НЕВОЛЈА ОД 1260 ПРОРОЧКИ ДЕНОВИ (538-1798)
Сите луѓе се изложени на страдања

„Тој ќе хули на Севишниот, ќе ги сотира светите на Севишниот... и светите ќе бидат предадени во негови раце за едно време и за две времиња и за половина време (1260 денови)“ (Даниел 7,25).

„И кога го отвори петтиот печат, ги видов под жртвеникот душите на закла%ните заради Божјата реч и заради сведоштвото... и секому од нив му беше дадена бела облека и на сите им беше речено да се стрпат уште малку време... и видов кога го отвори шестиот печат... Сонцето поцрне.“ „Потоа погледнав, и ете, големо мноштво... облечени во бели облеки... кои доаѓаат од голема неволја“ (Откровение 6,9-12; 7,9-14).

„Тогаш ќе има големо страдање, какво што немало од создавањето на светот до сега, ниту пак ќе има. И ако не се скратат тие дни, не ќе се спаси ниту еден. Но заради избраните, тие дни ќе бидат скратени.“ „Веднаш по страдањата во тие денови, сонцето ќе потемни“ (Матеј 24,21.22.29).
„Еве, ќе ја фрлам (Тијатир) в постела, а оние кои вршат прељуба со неа, во големи неволји, ако не се покаат за своите дела“ (Откровение 2,22).

Прогонството против оние што покажувале поинакво мислење станало изразита карактеристика на римското христијанство во текот на периодот од 1260 пророчки денови. Тоа станало уште поизразито откако била организирана папската инквизиција во 1232 година и повторно по реформацијата. Најлошите денови поминале пред затемнувањето на сонцето на 19 мај 1780 година. В. Откровение 6. и 7. глава!

Соперништвото меѓу феудалците, верската нетрпеливост и националистичките војни ширеле страв во текот на тој период. Имало време кога грозоморната „црна смрт“ и страшната триесетгодишна војна однеле една третина од населението.

III. ПОСЛЕДНАТА НЕВОЛЈА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ДНИ
Божјиот народ избавен

„Во тоа време ќе се крене Михаел, големиот кнез, кој го брани твојот народ. Тоа ќе биде време на страдање какво што не постоело откако постојат луѓе па до тогаш.* Во тоа време ќе се спаси твојот народ - сите што ќе се најдат запишани во Книгата. Тогаш ќе се разбудат мнозина кои спијат во земниот прав; едни на вечен живот“ (Даниел 12,1.2).

„Бидејќи ти ја запази речта на моето трпение, и јас ќе те запазам од часот на искушението што ќе дојде врз целиот свет за да ги испита оние кои живеат на земјата. Еве ќе дојдам скоро!“ (Откровение 3,10.11).

Откако ќе заврши предадвентниот суд, седумте последни зла и другите настани поврзани со последното време, предизвикуваат незапамтени страдања, но Божјиот народ е поштеден.



Вчудовидувачки парадокс! Ќе бидете убиени, но ниту една единствена клетка од вашето тело нема да биде загубена! „Скапоцена е во Господовите очи смртта на неговите верни следбеници“ (Псалм 116,15). При своето второ доаѓање Христос, кој веќе го победил светот, ќе го врати во живот секој од своите умрени следбеници (Матеј 24,31; 1. Сол. 4,15-18).

Бог е заинтересиран за нас! Тој сака и ние да негуваме такви чувства кон нашите ближни. „Ова е чиста и неизвалкана религија пред Бога и Отецот: да се посетуваат сираците и вдовиците кога се во неволја и да се биде неосквернет од светот“ (Јаков 1,27).

Зрелиот христијанин е склон да ги загуби од вид своите проблеми додека им помага на ближните да ги решат нивните. Христијанинот знае дека сите луѓе, без разлика, се соочуваат со страдања. Затоа вистинскиот христијанин наоѓа начин да ги „посети“ во нивните неволји.

Вистинскиот христијанин е способен да се „радува во своите неволји“. Како е тоа можно? Тој знае дека и во неволјите е драгоцен во Божјите очи. Тој знае дека неговите лични проблеми му даваат можност во тие услови да покаже стрпливост и со тоа да им помогне и на другите да станат христијани (Римјаните 5,3; Јаков 1,2-4). Во врска со неволјите што ги доживуваат другите луѓе, христијанинот е секогаш радосен кога може да покаже христијанско сочувство.

Секој член на семејството, макар повремено, го мачи некоја неволја. Блазе на семејството кое научило заеднички да ги поднесува неволјите и заеднички да се радува во нив!

## V. Параболи (споредби) за подготовка

Во беседата на Маслинската гора Исус не се трудел да ни даде подробен распоред за завршните настани од земната историја. Неговa основна намера со која е проникнат најголем дел од текстот во 24. глава на Евангелието според Матеј

*Неволјата во текот на 1260-те пророчки денови била најголема во историјата по тоа што траела многу векови и повремено предизвикувала многу голема смртност. Последната неволја во последните денови ќе биде најголема во историјата по тоа што, иако исклучително кратка, ќе ги опфати и страшните седум последни зла. Секоја неволја е тешка на свој посебен начин.